Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: E pranuar: 09.07.2021
Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: 32-44/3 | Прилози: Shtojcë: / | Вредност: Vlerë: /

**Влада на Република Северна Македонија**
Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# ПРИЈАВА
## за учество на пет претставници на граѓанското општество во Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации

По Јавен повик објавен на ден 7.7.2021 година

**Податоци за организацијата**

**1. Општи податоци**

Име на здружението/фондацијата: Здружение за родова еднаквост ЕДНА МОЖЕ!-Скопје

Седиште и адреса: ул. Никола Тесла бр. 8/2-17, Карпош, Скопје

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: 7124961, 01.03.2016г.

Единствен даночен број: 4057016532726

Телефон за контакт и е – пошта: 071 936 497 , onecan2015@yahoo.com

Име и презиме на овластеното лице за застапување: Дороти Пачкова

Област/и на дејствување согласно Статутот: Родова еднаквост

**Податоци за кандидатот**

**1. Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот: Дороти Пачкова

Вид и степен на образование: Дипломиран родов експерт

Телефон за контакт и е - пошта: 071 936 497 , onecan2015@yahoo.com

**2. Професионално искуство на кандидатот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанското општество на прашања во областите: финансиска одржливост или развој на граѓанското општество:
7 години

Експертиза во областите: финансиска одржливост или развој на граѓанското општество (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)
8 проекти, над 10 публикации.

Активно познавање на англискиот јазик ДА

**3. Дали кандидатот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ☒ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ☒ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ☒ не |

Место и датум
09.07.2021г. Скопје

Потпис на овластеното лице за застапување

ЕДНА МОЖЕ!
Скопје

## Дороти Пачкова

Доаѓа со признание за „најдобар завршен студент" од ликовната академија при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје, под менторство на Професорка Жанета Ванѓели.
Учествува во проекти од разни научни и општествени области со акцент на родови науки и политики, како експертка за родови науки, магистрира на Институт за Социјални и Хуманистички Науки-Скопје (ИССХС), под коменторство на Професорка Др. Катерина Колозова и Професор Др. Бранимир Јовановиќ, како родов експерт.

-Ангажирана во областа на родовите истражувања била во НВО Цивил, во Остен, преку Акција Здуженска, Националната мрежа за борба против семејно насилство, ИМЕ проектот на Швајцарска амбасада, Инспирит Коучинг, НВО Фронт 21 (каде е Претседателка на управен одбор и денес) ЦЕЕД ХУБ Скопје, преку поддршка на Министерство за култура вршела самостојни истражувања во областа на родови науки и култура во земјата но и во Берлин-Германија, Цирих-Швајцарија, Милано-Италија, Виена, Истанбул.
Членка е на македонската експретска консултативната група на ЕРАЗМУС+ програмата за жени социјални претприемачки.

-Има поставено повеќе од триесет и пет (35) самостојни изложби - сликарски и концептуални, и учествувано во над триесет групни изложби, како академска визуелна уметница, сите со женска и родово сензитивна содржина.
-Дел е од балкански феминистички мрежи и е во постојан контакт со претставнички од женски организации од Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна гора, Косово, Албанија, Турција.

-Во 2014/15 формира прво грас – рут движење за унапредување на права на самохрани мајки во Македонија, One can!;
-Во 2015 основа граѓанска организација за унапредување на права на еднородителски семејства, Една може! која е единствена активна оранизација од овој тип во Македонија, и станува Претседателка на истата;
-Во 2016 основа социјално претприемништво за интеграција и пристап до економски добра за девојки и жени од маргинализирани категории, и станува CEO and Founder;
-Во 2017 го отвара „Концепт центар Една може!/Една прави", центар за обединување на женско зајакнување преку можности за учество во родови јавни политики, тренинзи, обуки, вмрежувања и дејствувања и станува Извршна Директорка;
-Во 2018 граѓанската организација стратешки се трансформира во организација за родова еднаквост и унапредување на права на девојки и жени од маргинализирани категории, Една може!.
- Во 2019 формира Здружение за култура и слобода АРТФЕММ, каде е Извршна Директорка.

<u>Менаџер е на проекти, 2013-2018:</u>
-Секое семејство своја приказна – индивидуализација на пристапот при третман на различните семејни конструкции, за семејства предводени од жени;

- Креирање слобода за децата од еднородителски семејства;
- Реинтеграција на пазарот на трудот за самохраните мајки;
- Формирање на платформа на креативни самохрани мајки со цел овозможување на екстра приход во нивните семејства;
- Прозорци на различности;
- Интердисциплинарни тренинзи за родова еднаквост и политики, за девојки и жени „Жените можат";
- Сеопфатна анализа „Еднакви права и можности за самохрани мајки";
- Социјално претприемништво за девојки и жени од маргинализирани категории;
-"Woman way" нетворкинг за девојки и жени;
-"IT, STEM and design thinking for girls";
-"Woman choose" акцелераторска програма за девојки и жени,
- „Скопско и се е можно", феминистички урбанизам

Учествува во креирање и координирање или менаџирање на проекти:
- Јавна заложба на кандидатите на локалните самоуправи, 2017, со Националната мрежа против семејно насилство;
-Мониторирање на локални самоуправи: карпош и центар, 2016-2018, со Акција Здруженска.
-Апсајклирање и рециклирање за жени од маргинализирани групи, 2016-2017, со Комерцијална Банка АД Скопје
-Формирање на групи за зајакнување и самоподдршка, 2015-2018, со Хелсиншки Комитет за човекови права
-Конекција на бизнис секторот со маргинализирани жени со цел поддршка преку социјална одговорност, 2014-2018

Научноистражувачка област-авторски дела:
-Извештаи за мониторинг на локални самоуправи, 2017, Една може! и Акција Здруженска
-Авторка на Анализа „Еднакви можности и права за самохрани мајки", Квинна тил Квинна, 2018
- Полиси Бриф „Колку Скопје е женски град", Минситерство за култура, Скопје 2018

Научноистражувачка област-коавторски дела:
-Авторка „Дефинирање на статусот на самохраните мајки", 2016, ФЕС Скопје

Експертски активности:
-стратешко позиционирање,
-евалуација и мониторинг ,
-систематизација,
-воспоставување на методологија за истражувања,
-воспоставување на внатрешни процедури за работа во невладини организации
-консултантска експертиза
-менаџирање со различни тимови.

Дејности од поширок интерес- тренизни и работилници во лична интелектуална сопственост:
-Тренер за родова еднаквост
-Тренер за граѓански активизам и артивизам
-Тренер за родово базирано насилство
-Тренер за женско лидерство и зајакнување
-Тренер за пристап до права за вулнерабилни групи на жени и деца
-Тренер за стори телинг

-Обучувач за мониторинг на локални самоуправи
-Обучувач за граѓанско демократско општество
-Обучувач за женски движења и феминизам
-Обучувач за женско присуство во јавност-однос со медиуми, јавен настап, различни мрежи различни поставувања
-Обучувач за пишување на јавни документи за родови политики
-Тренер за формирање на социјално претприемништво
-Обучувач за работа со маргинализирани категории на жени
-Предавач за ЕУ предпристапни препораки во однос на родовата еднаквост
-Родовата еднаквост како дел од Агенда 2030, од целите за одржлив развој на ОН.

Самостојни изложби:

2014:
- Изложба со перформанс „**За свињи нема бисери**", Центар за Современи Уметности, ЦАЦ-Скопје
2015:
- Изложба на акрилни дела со „редимејд" објекти „**До кога ли вака, шепот без екот?**", НУЦК „Марко Цепенков"-Прилеп
- Изложба „**Ова е само став на уште еден уметник во големиов свет**", Ј.У. „Кочо Рацин", Галерија Ко-Ра-Скопје
- Изложба „**Come, go with me to my Wonderland!**", Галерија на „Прима Центар - Берлин"-Берлин, Германија
2016:
- „**Nonacademic**", Ј.У. „Кочо Рацин", Галерија Ко-Ра, јавен простор-Скопје
- „**Mother and child love**", Дом за Култура-Софија-Бугарија
– "**Имагинативни деконструкции**" Кинотека на Македонија-Скопје
2017:
- "**Skopje heartbeat**" Ј.У. Кочо Рацин, Галерија Ко-Ра-Скопје

**„Концептуални прозорци за работнички права"** Дом на млади, Штип, јавен простор
2018:
- **„Уште што друго сум освен што сум канцер на општеството",** Икар Хут-Охрид, Музеј Др. Никола Незлобнински, Галерија Коџоман, Струга, Дом на млади-Штип, Музеј Тетово, Тетово, Младински културен центар-Битола, Концепт центар Една може!/Една прави-Скопје, Босна и Херцеговина, Сараево, Музеј - Галерија за изведбени уметности.

2019:
- **„Жена борец",** концептуална изложба во парк Жена борец.
- „**АртФем**" Центар за слобода и култура, Скопје, Концепт центар Една може!/Една прави, Икар Хут-Охрид, Дом на млади-Штип, Центар за култура марко Цепенков, Куманово, Музеј на Крива Паланка, Крива Паланка, Музеј на тетовскиот крај, Тетово, приватен дом, Струга.

Групни изложби:

2014:
-„Paratissima 2014", Прв Саем за современа уметност, МКЦ, Скопје - „БИТ Фестивал", Битола
- „Базен Извор"-Валандово
- „The Doors", Групна изложба, МКЦ-Скопје
- „Why we make Art?", јавен простор, Карпош-Скопје

- Групна изложба, слики и инсталација на отворено-Валандово
- Групна меѓународна мултимедијална изложба, „Бит Фест“-Битола

2015:
- „Саем за современа уметност, Торино-Италија
- Групна изложба „Дом на културата“, Јале-Албанија
- „Paratissima 2015“, Саем за современа уметност, МКЦ-Скопје
- „Античка Љубов“- Фрик фестивал, Галерија на ФЛУ- Скопје
- Групна мултимедијална изложба, Издавачка куќа и изложбен простор „Феникс“-Скопје
-„Купидоне, немој жити се! “, Љубов и вино“, Кафе Ли, општина Карпош-Скопје
- „Young Art“, Мала станица-Скопје
- Годишна изложба на ДЛУМ, „Скалило бр.72“, Мала станица-Скопје
- „Соочување“ , Музеј на холокауст-Скопје
- „Струмица опен фест“ – Струмица
- „Paratissima 2015“ , Торино -Италија

2016:
- „Free stile“ , Кинотека, Скопје
- „Нераскажаните приказни на суперхероините 3“, Скопје –“Dear women, the enemies of woman's liberation will be crushed if everyone of us participate in these battles. Love, Doroti“, Културно Информативен Центар Кочо Рацин-Скопје
-„Пролет активизам“, ‘Скопска пролет 2016та, повеќе не те познавам“ , Дом на Култура КоРа, Скопје
-„Women’s scream“ , МКЦ , клуб, Скопје
-„Artist for human rights“ , Менада, Скопје
-„Балкански уметници“ , Дом на култура, Заечар, Србија

2017:
-“Girls works“, Дом на култура, Ниш, Србија

<u>Перформанси:</u>
- Перформанс: „Деструктуирање на семејни конструкции“, Тиит инк, МКЦ, Скопје
- Перформанс: „Уметност за човекови права“, Гем клуб, Скопје
- Перформанс: „Сексуална експлоатација, семејно насилство, институционално насилство, фемицид“ , Народен театар, Ниш, Србија

2015:
- „Субверзивен уметнички акт“ , Дом на Култура Битола, соработка со ‘Елементи’
- Перформанс: „Да се биде или не уметник, денес“ , Центар за Современи Уметности, Битола, колаборативен проект
- Перформанс : „Не сум крива!“ , јавен простор, централно градско подрачје, Скопје
- Перформанс: „Свечено отворање“, Центар за Современи Уметности, Скопје
- Перформанс: „Казни!“, јавен простор, централно градско подрачје, Скопје
- Перформанс: „Abortion“, јавен простор, Ниш, Србија; Дом за ликовни активности Сичево, Сичево, Србија

2014:
- Перформанс: „За свињи нема Бисери“, Центар за современи уметности, Скопје
- Перформанс: „Transformation through Creation“
- Перформанс „Пејнт“ , Хуманитарен концерт, Младински културен цента

- Перформанс „Пејнт“ , „Бит Фест“,
- Перформанс „Пејнт“ , „Хотел Извор“, Валандово
- Перформанс „Пејнт“, Јавен простор, Струга
- Перформанс „Казни!“, јавен простор, централно градско подрачје, Скопје
- Перформанс „Доволно ви се колачиња?“ јавен простор, чаршија, Струга
- Перформанс „Доволно ви се колачиња?“ јавен простор, градско подрачје, Скопје
- Перформанс „ФемминизАммм“ јавен простор, Буњаковец, и јавен простор, централно градско подрачје, Скопје
- Перформанс „The Doors", јавен простор, населба Козле, Скопје

2010:
- Перформанс: „The Holly World"- Јавен простор: парк Капиштец, Скопје; Пазар, Струга; Државна болница, Скопје; Тафталиџе пазар, Скопје

2009:
- Перформанс: „They or I"- Јавен простор: СРЦ Кале, Скопје; Кеј, Охрид; Ноќен клуб, Прилеп

<u>Ликовни колонии:</u>
2006 - Ликовна Колонија за млади, Белград
2007 - Мал Ликовен Монмартр, Битола
2008 - Свети Николска Ликовна Колонија, Св. Николе
2008 - Приватна Ликовна колонија и Интервенирање во природа, Караџица
2009 - Ликовна Колонија и Интервенции во природа, Папрадиште, Велешко
2014 - „Мултимедијална Меѓународна Колонија", Битола
2014 - „Валандовска Ликовна Колонија", Валандово
2015 - „Соочување со минатото", ликовна колонија, Струга
2015 - „Антик арт колонија", Јале, Албанија
2016 - „Феминистичка ликовна колонија", Центар за девојки, Сичево, Србија
2016 – „Меѓународна 11та скопска ликовна колонија" , Музеј на град Скопје, Скопје, РМ
2016- Нишка уметничка-џез колонија, Ниш, Србија
2017- Фотографска ликовна колонија, Лазарополе
2018- Арт резиденција, Икар Хут, Охрид
2019- Плевља, Ликовна колонија, Црна Гора

**Работилници и тренинг програми:**

2014:
- „Engage - конференција за јавна дебата", МНТ, Скопје
- „Мастер Семинар за Мониторинг и евалуација", ЦИРа, Скопје - -
--- - Тренининг за изградба на мир и надминување конфликтни состојби, Мировна Акција, хотел Монтана, Крушево
- Тренинг „Социјално Претприемништво", хотел Тимс, Скопје
- „Школа за политика и критика", Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

2015:
-„Школа за активно граѓанство", УСАИД, Форум, Велес
- Тренинг за родови едукатори, „Родова демократија" ,ХЕРА, Кочани
- Семинар, „Школа за политика и критика", Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

2016:

- Семинар за мониторинг и набљудување на избори, „Цивил“, Скопје, РМ
-Тренинг за форум театар перформанс, Центар за девојки, Ниш, Србија
- Обука за граѓанско новинарство, Велес
- Обука за јавен настап и комуникации, УСАИД, Маврово, РМ
- Обука за креирање на документи за јавни политики, УСАИД, Маврово, РМ
- Тренинг за проектно координирање, Проефект, Скопје, РМ
- Обука за застапување, УСАИД, Маврово, РМ
- Обука за конекција и прибирање сретства од бизнис сектор, КОНЕКТ, Скопје,
- Прв форум за родова еднаквост, ФЕС Скопје, Скопје, РМ

2017:

- Тренинг за билдинг на социјални бизниси, Скопје, РМ
- Зајакнување на постојни капацитети на Граѓански Организации, НДИ, УСАИД, Велес
- Законодавно застапување и лобирање, НДИ, УСАИД, Велес, РМ
- Надзор на јавни политики, НДИ, УСАИД, Велес, РМ
- Аксцелераторска програма за развој на социјално претприемништво, SEED HUB, Скопје, РМ
- Тренинг за развој на менаџерски вештини, при работа со маргинализирани групи- Гравитрон, Скопје, РМ

Контакт: + 389 71/936497(вибер и снеп чет),
dorotipackova@gmail.com, dorotipackova@yahoo.com
Ул. Никола Тесла бр.8/2/17 – Скопје, Република Македонија,
социјални мрежи: Дороти Пачкова (Линкд Ин, Фејсбук, Твиттер, Инстаграм)

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЕДНОРОДИТЕЛСКИ СЕМЕЈСТВА
ЕДНА МОЖЕ! СКОПЈЕ
ЕДБ МК4057016532726 • ЕМБС 7124961 • жиро-ска 210071249610185 НЛБ Тутунска банка

# Годишен извештај на
# Здружение за родова еднаквост Една Може! – Скопје
# за 2020г.

Здружението за родова еднаквост ЕДНА МОЖЕ! Скопје (во понатамошен текст Здружение) е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на сите граѓанки и граѓани,самостојно формирано со слободно здружување на сите за заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на родовата еднаквост и правата на жени и девојки, граѓанското
општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетнички односи и економски развој во на територијата на Република Северна Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законите.
Визијата на здружението е обезбедување севкупна општествена грижа и третман на девојки и жени кон родова еднаквост и женски права и слободи.

Мисијата на здружението е да работи на ефективна промоција иподдршка во остварување на правата на девојки и жени, со акцент на унапредување на правата на самохраните родители и еднородителските семејства.

1. **Реализирани проекти :**
   a. Ад Хок поддршка за интервентна акција за справување со Ковид-19, преку тримесечна поддршка од Цивика мобилитас
   b. Транспарентност, поддршка од МЦМС, за зајакнување на организациски капацитети за транспарентност и отчетност.
   c. Институционална поддршка за организациско зајакнување, преку двегодишна поддршка на Цивика мобилитас
   d. Арт Терапија, за деца, девојки и жени, преку поддршка од Министерство за култура на Р.С.М.

Организацијата направи вмрежување со формирање на подружници во шест општини низ цела територија на РСМ т.е. во четири плански региони, кои беа формирани на 30.12.2020г., и тоа во: Центар, Аеродром, Струга, Прилеп, Кавадарци и Неготино.

Отворени денови на оргазацијата: Секој прв вторник на секој втор месец.

+389 071/936497
onecan2015@yahoo.com

Организацијата ќе формира МРЕЖА која ќе инволвира други домашни и странски здруженија на граѓани и подружници.

Иновативна компанија за производство и продажба на високо квалитетна козметика од сертифицирани органски и јадливи суровини, „Една прави" која е „ќерка" компанија на граѓанската организација „Една може!" Скопје, за родова еднаквост и женски права, најсилна во работата за унапредување на правата на самохраните мајки.

2. Реализирана Јавна расправа на седница со Комисија за еднакви можности на жените и мажите одржана на ден 15.12.2020г., во врска со промени на Предлог-Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, иницирана од Здружение за родова еднаквост Една Може! – Скопје на која присуствуваа:
   - Комисија за еднакви можности на жените и мажите
   - Министер за внатрешни работи
   - Министерка за труд и социјална политика
   - Пратеници
   - Претставници на други организации
3. Соработка со Клуб на пратенички при Собирание на РСМ на Конститутивна седница на Клуб на пратенички која беше одржана на ден 30.12.2020г. во Собранието на РСМ.
4. Соработка со Рурална Коалиција и Добра Земја на ден 23.12.2020г. Во канцелариите на Една Може! , се направи донаторска акција со тема: Едно различно пакување за различна Нова Година.
5. Реализирана кампања 16 дена женски активизам "Од жена за жена"
6. Во соработка со Легис се донирани над 20 пакети со прехрамбени производи, со Рурална Колиција и Добра земја 100 здрави пакетчиња од кои 80 дадени од канцеларијата на Една може!, со жени членки на СДСМ од Општина Центар 20 пакетчиња, со Жито лукс донирани неколку тони колачи, леб и брашно, со Казино Виннер донирани се 20 новогодишни пакетчиња , со слаткарница Кремисимо донирани се 10 новогодишни корпи, со Комора на РМ донирани се 50 пакетчиња, Донација од Горан Трајковски Александра Кругер 20 пакетчиња.

7. Во извештајниот период, Една може! низ работни тимски состаноци и деск анализа, заклучивме дека мора да изработиме интерни политики кои се однесуваат на внатрешни акти и подакти на организациското работење и кои се формирани од стручниот тим на Една може! но и преку сите евалуациони досегашни резултати, од соработници, донатори, власти и широка јавност и членство. Изработени се интерни политики и правилници:
- Политика за родова еднаквост во организацијата,Политика за животна средина и енергетска ефикасност на организацијата, Политика за вработување и работен ангажман во една може! , Политика за волонтерство, практикантство и активизам во Една може! , Политика за менаџмент на човекови ресурси во Една може!, Политика за транспарентност и отчетност на Една може!, Политика за организациски развој , Политика за креирање на документи и академски текстови во Една може!, Политики за нудење социјални и правни услуги од страна на Една може!, Политика за соработка со бизнис сектор, Политика за креирање јавни гласила, Политика за односи со членство, Политика за односи со институции, Политика за односи со донатори..., Правилник за работа на извршен одбор на здружението, Правилник за работа на подружница, Правилник за волонтерство и практиканство, Правилник за дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на членови, вработени, надворешни соработниции, практиканти, волонтери и членови на органите на Здружението, Правилник за вршење јавни набавки, Правилник за внатрешна и надворешна комуникација и Кодекс на однесување, Правилник за награди и пофалници, Правилник за управување со човечки ресурси, Правилник за финансиско работење, Правилник за членство, Правилник за вработување.

7. Нашата ГО Една може! по 64 седица на Влада и донесената одлука за итно враќање на работа на сите родители вклучително и самохраните родители за време на пандемијата. Една може! упати директна несогласеност и воедно Барање за посебен третман на самохраните родители, при што понуди три можни решенија од кои едното се реализираше и се отворени Дневни престои во поголем дел од училиштата во републиката. Барањето беше испратено до сите релевантни институции но и до сите медиуми и медиумски канали во државата.

8. Една може! учествуваше на средба со новата Министерка на МОН од каде побара поддршка за посебен третман на децата и родителите за време на Ковид-19, со понуда на трите понудени решенија од кое едно и се оствари: Отварање на Дневни престои во поголем број училишта во републиката. Средбата се одржа во хотелот Александар Палас.

9. Нашата ГО Една може! придонесе кон партиципативна постапка за креирање на градскиот буџет, те буџетот на град Скопје, преку учество на Прв граѓански форум на отворено, каде предложивме наменско и

стратешко насочување на средствата наменети за соработка со граѓанскиот сектор, кон нашата организација, при што побаравме поддршка за отварање на Прв ресурсен центар за самохрани родители во град Скопје од страна на Една може! поддржан од град Скопје. Поддршката од град Скопје ни е од одбиена, како и на останатите 26 ГО.

10. Предлогот за прв ресурсен центар за еднородителски семејства го споделивме и со градоначалникот на град Скопје, по што договривме следни чекори кои Една може! треба да ги преземе за предлогот да може да го поставиме на Собрание на град Скопје за гласање. Изработена е потребната и побараната документација од страна на градоначалникот Саша Богдановиќ, со кој што сме во постојана комуникација за реализација на идните активности.Една директна средба со Градоначалникот на општина Центар.

Здружение за родова еднаквост

ЕДНА МОЖЕ! - Скопје

+389 071/936497
onecan2015@yahoo.com